**Предмет:** Покана за учество на дебата

Почитувани,

**Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)** со задоволство Ве поканува да учествувате на дебатата „Дискриминација по основ на пол“ која ќе се одржи на: 17 октомври 2013 г. (четврток) во 11:00 ч. во хотел Холидеј Ин, Скопје.

Целта на дебатата е да се презентира моменталната состојба во Македонија, европските искуства и практиките на дискриминација по основ на пол. Посебен осврт ќе се даде на ранливите групи на жени, жените жртви на семејно насилство, дискриминација на жени на основ на возраст и вработување, жени од етнички заедници и рурални средини.

Присутните ќе можат активно да се вклучат во дискусија, изнесувајќи ги своите проблеми, коментари и идеи кои понатаму ќе бидат соодветно проследени и кон кои ќе се насочат решенијата во иднина.

Дебатата е дел од активностите на проектот „Од норма до пракса за еднаквост“ кој го спроведува МЦМС во партнерство со Полио плус – движење против хендикеп, Министерството за труд и социјална политика и Комисијата за заштита од дискриминација. Проектот финансиски е поддржан од програмата Прогрес (2007-2013) на Европската Унија.

Главната цел на проектот е да се придонесе кон почитувањето на еднаквоста, како и да се поттикне борбата против дискриминацијата, преку подигнување на свеста на широката јавност, но и на клучните чинители во општеството. Понатаму, преку проектот ќе се унапредат националните правни инструменти и механизми, со цел да се надминат најголемите предизвици во справувањето со дискриминацијата во пракса.

Ве молиме вашето присуство да го потврдите до **вторник, 15 октомври 2013 г.** на е-маил sog@mcms.mk. За сите дополнителни информации побарајте ја Симона Огненовска на телефон 02/3088-985.

*Прилог: Предлог агенда*

Со почит,

ФШб/ФШб

08-72/11-2013
Скопје, 14.10.2013

Александар Кржаловски
Прв извршен директор

Димче Митрески
Извршен директор

Проектот „**Од норма до пракса**“ е поддржан од Програмата на Европска Унија за вработување и социјална солидарност – ПРОГРЕСС (2007-2013)

# Дебата: Дискриминација по основ на пол

17 октомври 2013 г., 11:00 ч.

**Место :** Холидеј Ин

## Дневен ред

| | |
|---|---|
| **11:00 – 11:15** | **Регистрација на учесниците** |
| **11:15 – 11:40** | **Вовед во дебатата и презентација на проектот: Од норма до пракса за еднаквост**<br>Валентина Чичева, МЦМС |
| **11:40 – 11:55** | **Наслов: Дискриминација по основ на пол**<br>Савка Тодоровска, претседателка на СОЖМ<br>Моменталната состојба во Македонија, европските искуства и практиките на дискриминација по основ на пол.<br>Посебен осврт ќе се даде на ранливите групи на жени, жените жртви на семејно насилство, дискриминација на жени на основ на возраст и вработување, жени од етнички заедници и рурални средини. |
| **11:55 – 12:25** | **Наслов: Улогата на КЗД во борба против дискриминација по основ на пол**<br>Ленче Коцевска, член на Комисија за заштита од дискриминација, КЗД<br>Општо за Комисијата, нејзини надлежност и состав. Посебен осврт на претставките доставени до КЗД за дискриминација по основ на пол, практични примери, како и искуства со други инситуции. |
| **12:25 – 13:00** | **Дискусија** |
| **13:00** | **Коктел** |

Проектот „**Од норма до пракса**“ е поддржан од Програмата на Европска Унија за вработување и социјална солидарност – ПРОГРЕСС (2007-2013)